MESSER

# Општи услови за продажба на машини и опрема и изведба на технички услуги

**1. Општа намена, понуди, склучување на договор**

**1.1** Овие општи услови ќе се применуваат за продажба на машини и техничка опрема од Месер Вардар Техногас ДООЕЛ Скопје (МВТ), како и на изведба на технички услуги како инсталација, проверка, одржување и поправка на машини и опрема (натаму-технички услуги). Отстапувања од овие општи услови ќе се сметаат како прифатени ако не се во контрадикција со нив и ако релевантните права на клиентот кои ги има според закон не се проширени на штета на МВТ. Ова ќе важи дури и ако МВТ изречно не се противи на условите на договорниот партнер или ако услугите се извршат иако МВТ изречно не се противел на таквите отстапувања од општите услови.

**1.2** Понудите од МВТ не се обврзувачки, ако изречно не се означени како обврзувачки. Писмените, усмените нарачки и изјави како и усмените договори и обврски ќе станат обврзувачки само по писмена потврда од МВТ. Во случај на итна испорака, потврдата на порачката може да биде заменета од испорака на добрата. Договорните обврски ќе се сметаат за важечки само да се писмено документирани. Измените и дополнувањата на договорите се вршат исклучиво во писмена форма. Истото се однесува и на какво и да е одрекување од барањето за писмена форма.

**2. Услови за плаќање, цени**

2.1 Плаќањата за машини и опрема стануваат втасани со приемот на фактура и се плаќаат однапред пред испораката. Отстапки можат да се договорат само написмено. Во секој случај МВТ може да бара пред монтажата или испораката на добра обезбедување на плаќањето, како банкарска гаранција од етаблирана банка, без обврска да испорача или предаде добра пред приемот на бараното обезбедување.

2.2Плаќањето за технички услуги станува втасано по приемот на фактура по изведбата на услугите. Ако услугите се вршат во странство, МВТ може да бара плаќање однапред на очекуваната цена на услугата или банкарска гаранција во истиот износ.

2.3 Ако поинаку не е наведено во нашата потврда на порачката, цените треба да се разберат како цени на местото на изработка на МВТ (ex works), или, во случај на договорен превоз- од друго место на производство. Оваа цена (ex works) не вклучува цена на пакување превоз. Ако поинаку не е договорено, МВТ ќе наплати за техничките услуги по договорениот дневен износ и настанатите патни трошоци. Клиентот ќе ги сноси дополнителните трошоци за сместување, оброци во европски стил, локален превоз и секакви разумни случајни трошоци локално или на пат.

2.4Клиентот нема право на отказ на договорот, освен ако неговите барања се потврдени од надлежен суд или потврдени написмено од МВТ.

**3.Пакување и превоз**

3.1Ако МВТ прифатил да ги испрати добрата во местото на клиентот, МВТ ќе ги испорача прописно спакувани на превозникот. Ако поинаку не е договорено, сите добра ќе бидат испратени неосигурани. Трошоците на превоз и осигурување при превоз ќе му се фактурираат на клиентот дополнително на цената (ex works).

3.2 Ако МВТ прифатил испорака на добрата во странство, МВТ ќе ги обави царинските обврски во Македонија. Увозните и транзитните прописи и трошоци се одговорност на клиентот.

3.3Ако машинеријата е преголема за превоз во едно парче, МВТ може да ја раздели во повеќе компоненти за пакување.

**4. Премин на ризикот**

Ризикот за набавките преминува на клиентот со нивно напуштање на објектот на МВТ. Ако е договорено друго место на утовар, ризикот минува од напуштањето од таа друга локација. Ако испораката е одложена на барање на клиентот или од причини за кои одговара клиентот, ризикот преминува на клиентот во времето првично предвидено за испораката. Од тој момент, добрата ќе бидат сместени-чувани на сметка и ризик на клиентот.

**5.Задржување на сопственоста**

5.1 МВТ останува сопственик на сите испорачани добра до плаќањето. Клиентот нема право да ги продава или издава добрата пред целосното плаќање без писмено одобрување од МВТ.

5.2 Ако добрата во сопственост на МВТ станат составен дел од друго добро кое се смета за главно, МВТ ќе остане пропорционален или заеднички сосопственик на главното добро. Пропорцијата на сосопственоста ќе биде иста како отворената ставка од фактурата кон клиентот во однос на пазарната цена на главното добро.

**6. Подесување, инсталација, проверка на машините и опремата**

6.1 Ако поинаку не е договорено инсталацијата на машините и опремата на локација на клиентот не е дел од договорните обврски на МВТ. Штетите од неправилна инсталација спротивно на инструкциите за инсталација исклучува секаква гаранција за добрата, ако тие биле оштетени од непочитување на инструкциите за инсталација.

6.2 Ако е договорен надзор и проверка на машините и опремата од МВТ на локацијата на клиентот, одговорноста на МВТ е лимитирана на следните активности:

а) Да се проверат очиглени грешки при местење, подесување и инсталација;

б)Да се провери дали уредите инсталирани за машините се соодветни за минималните спецификации за уреди за машините;

ц) надзор на првото пуштање во употреба на исталацијата и опремата

д) иницијална обука на одговорните лица за ракување со машините, регуларно надгледување, одржување и редовни проверки на перформансите на машините.

**7. Гаранција**

7.1 На писмено барање на клиентот, а врз основа на потпишан записник за прифатена рекламација од страна на МВТ, МВТ на свој трошок ќе ги поправи или замени испораките со недостатоци или делови од испораките. Секаква рекламација од клиентот ќе биде предмет на испитување на добрата по приемот на рекламацијата од страна на МВТ во врска со недостатокот согласно позитивните прописи. Во дискреција на МВТ ќе биде дали неисправните делови ќе се поправат или заменат. Заменетите делови ќе станат сопственост на МВТ по замената. Ако не е поинаку договорено, клиентот ќе ги прати неисправните делови назад на местото од каде се испорачани. Транспортните трошоци ќе ги сноси МВТ, освен ако се испостави дека вратените добра не биле неисправни. Ако поправките не успеат делумно или во целост, клиентот има право на разумно намалување на цената или да го раскине договорот. Ако, пак, дефектите се од такво значење што не можат да бидат отстранети во разумно време, а добрата и услугите не можат да служат за намената за која се набавени целосно или делумно, клиентот има право да ги одбие поправките.

7.2 Секакви натамошни финансиски барања за штета од испораки со недостатоци се ограничени како во Дел 8, ако се исполнети сите законски одредби.

**8. Одговорност**

8.1 Одговорноста на МВТ е ограничена само на актуелните и директни штети, истите за еден случај или повеќе случаи заедно во текот на 1(една) година, во никој случај не може да биде поголема од вредноста на договорот а најмногу до 20.000,00 евра.

8.2 Секакава натамошна одговорност на МВТ е исклучена. Во случај на штета од обична небрежност МВТ нема да биде одговорен за штети настанати при испорака на предметот, загубена заработка или друга финансиска штета.

8.3 МВТ изречно изјавува дека неговата политика на осигурување од штети предизвикани од производи со недостаток исклучува надомест ако производите се употребени во авијацијата, аеронаутика и нуклеарна индустрија. Секаква употреба на машините и опремата на МВТ во овие индустрии е на сопствен ризик на клиентот, па секако одговорноста на МВТ во тој контекст е целосно исклучена.

8.4 Наведените ограничувања и исклучувања на одговорноста се однесуваат и за барања за надомест на штети за лични повреди или штети од добра употребувани за приватни намени предизвикани од дефектни производи на МВТ.

8.5 Ограничувањата на одговорноста се однесуваат и на законските застапници, вработените или лицата кои работат за сметка на МВТ.

8.6 МВТ не е одговорен за било каква штета што може да настане доколку Клиентот не ги почитува законсите позитивни прописи, и не се придржува кон општите одредби и услови. Во Случај МВТ да претрпи штета поради непочитување на општите одредбите и законсите прописи клиентот е должен истата да ја надомести на МВТ во рок од 30 дена.

**9. Заштита на податоци**

9.1 МВТ обработува лични податоци обезбедени од клиентите. Личен податок е секоја информација која се однесува на индетификувано физичко лице, или физичко лице кое може да се индетификува.

9.2 Личните податоци обезбедени од клиентите се обработуваат за:

а) да ја испорача договорената стока и да ги обезбеди договорените услуги;

б)За фактурирање, одржување сметка, управување со залихи, телеметрија, статистичка проценка и за внатрешно сметководство;

в) да се провери кредитоспособноста и спречување на злоупотреба.

9.3 МВТ ќе ги пренесе личните податоци до вработените кои обработуваат за обработка на податоци за МВТ, и поврзани компании, или проследени до лиценциран бизнис информативни услуги или адвокати.

9.4 Ако според мислењето на МВТ тоа е потребно со закон или е во интерес на јавноста безбедност и ред, или клиентот се согласил на тоа, МВТ исто така ќе обработува лични податоци до владини службеници, јавни институции или трети страни.

9.5 Информациите за обработка на личните податоци на клиентот се наоѓаат во Известувањето за заштита на податоците на МВТ, кое може да се достави до клиентот во секое време на негово барање и може во секое време да се преземе од официјалната страна на (www.messer.mk).

**10. Ништовност**

Правната невалидност на некоја одредба од овие Општи услови или секакава договорна одредба нема да ја афектира валидноста на останатите одредби. Договорните партнери ќе ја заменат ништовната одредба со валидна која најмногу одговара на економската цел на договорните страни.

**11 Виша сила**

Виша сила значи настан и активности што се случуваат независно од волјата и влијанието на двете страни, како што се природните непогоди и катастрофи, мобилизација, војна и воени состојби, генерален штрајк со една од договорните страни, одлука од надлежен државен орган која спречува исполнување на превземените обврски, пандемија, блокада на државни и административни граници/институции итн. Страната погодена од случај на виша сила е должна веднаш и без одлагање писмено, безбедно да ја извести другата страна за настанувањето на случајот на виша сила и нејзиното претпоставено траење и да достави докази од надлежен орган. На ист начин, таа е должна да ја извести другата страна без одлагање за прекин на случајот виша сила.

**12. Испорака извршена од трета страна**

Обврските за испорака и услуга на МВТ може да ги исполни друга компанија.

**13. Јурисдикција и право на примена**

За решавање на спорови надлежен ќе биде Основен Граѓански Суд Скопје.МВТ може да поднесе тужба и во местото на регистрираното седиште на клиентот. Ќе се применува правото на Република Северна Македонија. Примената на конвенцијата за Меѓународна продажба на добра е изречно исклучен